РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-4459/1
30-12-2020 г./v.

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 40 став 2 од Деловникот за работа („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 45-та седница, продолжение одржано на ден 30.12.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2254/1 од 04.04.2019 година, доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број бр. 09-2254/1 од 04.04.2019 година, бидејќи во истиот нема доволно податоци за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси.

Предметот со број бр. 09-2254/1 од 04.04.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број бр. 09-2254/1 од 04.04.2019 година е оформен врз основа доставена пријава од лицето -----------, за вработувања во ----------. Во пријавата има наводи дека додека била на власт претходната Влада во ------------ имало голем број на вработени кои биле вработени на определено работно време меѓу кои и синот на пријавителот, лицето -----------------. На голем дел од вработените, според пријавителот од околу 175 лица, требало да им се трансформира работниот однос од определено на неопределено време, но наместо тоа на 31.12.2017 година истите добиле решенија за престанок на работниот однос. Работните места биле пополнети со кадри на Политичката партија -----------. Понатаму во пријавата има наводи дека освен во ----------, и во училиштето ------------ во с. -------------сите пет вработени биле напуштени, на истите работни места од 01.01.2018 година биле пополнети со кадри на Политичката партија --------------. Пријавителот бара, Државната комисија да го преиспита сите отпуштањето во погоре наведените институциите.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, констатира дека во истата нема доволно податоци за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон, односно, не се утврдени конкретни наводи кои упатуваат на

непристрасно вршење на јавни овластувања и должности на службени лица за остварување на приватен интерес.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок на ДКСК
Изработил: С.М – Виш соработник

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска